Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 73, 30 јануари 2012 година

јануари 2012 година
Штип

**СОДРЖИНА**

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 8

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во сите звања за наставно-научната област имунохематологија и хематологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 36

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 40

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 44

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 47

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 50

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано и методика на наставата по пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 56

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните и уметнички области теорија на музиката и композиција на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 63

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Познавање на стоката“ од д-р Нако Ташков, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика и д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Полјоделство” од авторите проф. д-р Љупчо Михајлов и ас. м-р Фиданка Трајкова од Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 71

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Органска хемија“ од авторот д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 75

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на технолошко инженерство“ од авторот доц. д-р Винета Сребренкоска, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 76

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Вовед во право на ЕУ“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 78

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Право на ЕУ, правда и внатрешни работи“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 82

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Кредитна политика“ (скрипта) од авторот доц. д-р Виолета Маџова, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 86

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Физичкото воспитание и образование кај децата од предучилишната и раната училишна возраст“ од асистент д-р Билјана Попеска, Педагошки факултет, при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 89

## РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ (СПЕЦИЈАЛИСТ) ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ РАДИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип донесе Одлука број 2502-80/21 од 7.7.2011 год. за распишување на Конкурс за избор на ***помлад асистент/асистент (специјалист)*** за научната област ***радиологија*** на Факултетот за медицински науки во Штип. На 31.8.2011 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-90/23 и Решение број 2502-90/24 за претседател, 2502-90/25 член и 2502-90/26 член, за формирање на Рецензентска комисија за избор на *помлад асистент/асистент (специјалист)* за научната област *радиологија* на Факултетот за медицински науки во следниот состав:

– проф. д-р Василчо Спиров, вонреден професор, вработен во Клиника за радиологија – Скопје, претседател;
– проф. д-р Ѓорѓи Зафировски, редовен професор, вработен во Специјалната болница „Филип Втори“ – Скопје, член;
– проф. д-р Глигор Џолев, редовен професор, вработен во ПЗУ Неуромедика – Скопје, член.

На распишаниот Конкурс на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, објавен во дневниот весник „Дневник“ на 18.8.2011 година за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област радиологија, еден извршител, се пријавија две кандидатки: д-р спец. Билјана Божиновска и д-р Драгана Могилевска.

Врз основа на приложената документација на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р спец. Билјана Божиновска** е родена 23 април 1974 година во Скопје, каде што го завршува своето основно и средно обазование. Дипломира на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 1999 година. Својата специјализација по радиодијагностика ја запишува во 2004 година на Универзитетската клиника по радиологија на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје .Специјалистичкиот испит по радиодијагностика го положува на 2 март 2008 година, со што се здобива со звање *доктор специјалист по радиодијагностика*.

***Работно искуство***

Од 1999 до 2003 година работи во француска хуманитарна организација -Hendikep Internacional како доктор и проект-менаџер, каде што се здобива со едукација во Health management и учествува во 12 проекти на невладини и владини организации за унапредување на условите и заштитата на лицата со посебни потреби.

Во 2003 година се вработува во ПЗУ „Неуромедика“, каде што една година работи на Одделот за општа медицина, а потоа како специјализант по радиодијагностика работи на Одделот за радиодијагностика и е одговорно лице за целата субединица на ПЗУ „Неуромедика“ - Влае, функција која ја извршува сè до 2008 година.

Од февруари 2009 година е вработена во Специјалната болница „Филип Втори“ како радиолог во Ургентен дијагностички центар.

***Учествува на повеќе конгреси, семинари и едукации***

Септември 2004 г. – Прв конгрес на Балканска асоцијација на радиолози, Охрид, РМ;

Март 2005, 2006, 2007 и 2009 г. – ЕЦР - Европски конгрес на радиолози, Виена, Австрија;

Јануари-февруари 2007 г. - Курс за практична употреба на Multislice CT Angiografy in coronar diseases and urgent radiology-San Diego-USA;

Ноември 2008 г. – Шести балкански конгрес на радиолози во Врњачка Бања, Србија;

Април 2009 г. – Модератор на сесија за тумори на мускулоскелетен систем и усна презентација - Benefit of 64 multislice angiography in patients with soft tissue tumors, Конгрес на ортопеди и трауматолози, април 2009 г.;

Октомври 2009 г. - Курс за усогласување на работни протоколи за прегледи на повеќеслоен компјутерски томограф и магнетна резонанца, Будимпешта, 15 -16 октомври 2009 г.

***Студиски престој***

Во период од ноември 2000 до декември 2000 година престојува во Lyon Sud болницата во Лион - Франција, каде што се стекнува со познавања во конгенителните мозочни заболувања во детска возраст.

Во 2007 година престојува во САД - практична употреба на Multislice CT Angiografy in coronar diseases and urgent radiology, San Diego-USA.

Во 2007 во Бреша - Италија се едуцира во Школата за магнетна резонанца на глава и врат.

***Повеќе години е член на:***

- Македонското здружение на радиолози;
- Балканската асоцијација на радиолози;
- ЕСР - Европско здружение на радиолози;
- ЕССР – Европско здружение за мускулоскелетна дијагностика;
- СиРко - Хрватско здружение на интервентни радилози;
- ЦИРСЕ - Светско здружение на кардиоваскуларни и интервентни радиолози.

Говори англиски јазик (пишување, читање и зборување), француски јазик - добро, прв степен германски јазик и одлично хрватски и српски јазик.

***Публицирани трудови***

1. Конгенитални аномалии на срцето и крвните садови: дијагностички и терапевтски предизвици, PP-108 Десна коронарна остијална агенеза: Извештај, 5. Конгрес на ажурирање во кардиологијата и кардиоваскуларната хирургија – 24-29 септември 2009 Ѕ.Атанасов, Л.Вељановска, Б.Божиновска, И. Милев, Ш.Идризи, М. Клинчева, Ж. Митрев.
2. Евалуација на мекоткивните тумори со 64 слојна Компјутеризирана томографија – Извештај, 3 –тиот Конгрес на Интернационалната Македонска Асоцијација на ортопеди и и трауматологија – Охрид, Мај 2009, Б.Божиновска, Л.Вељановска, Ѕ.Атанасов, Ж. Митрев.
3. Важноста на пред оперативен 64-слоен КТ преглед на каротиди кај пациенти со повеќесадовна коронарна болест планирани за оперативен третман Б.Божиновска, Атанасов, Вељановска, Христо - Европскиот радиолошки конгрес ЕЦР 2009 – Виена.
4. Евалуација на коронарните артерии со 64-повеќеслоен компјутерски томограф. ЕКГ воден кај пациенти со суспектна дисекција на аорта Stanford A, Вељановска Л, Атанасов З, Божиновска Б, Идризи Ш, Ампова-Соколов В, Милев И, Митрев.
5. Дијагностичка прецизност на коронарната ангиографија со 64-слоен МСКТ кај асимптоматски пациенти пред коронарни васкуларни операции која не се споредува

со конвенционалната ангиографија – наше искуство Л.Вељановска, S.Атанасов, Б.Божиновска, Ш.Идризи, В.Ампова, И.Милев, ESCR, октомври 2009, Лајпциг, Германија

6. ULTRASONOGRAPHY IN THE DIAGNOSIS AND MANAGEMENT OF INFANT HIP DYSPLASIA A.Dimova, S.Mladenovski, Prof.Zafiroski, D.Savev, B.Bozinovska, Z.Mitrev Прв ортопедски конгрес со интернационално учество, Приштина – Косово, 2010

Кандидатката Драгана Могилевска родена на 21.9.1980 година во Штип, не ги исполнува условите предвидени со конкурсот за избор на помлад асистент / асистент за научната област радиологија.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставената документација, објавените научни и стручни трудови, учеството на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, како и врз основа на стручната ангажираност, Комисијата заклучи дека кандидатката д-р Билјана Божиновска ги исполнува сите законски критериуми за избор на асистент (специјалист) за научната област *радиологија* на Факултетот за медицински науки.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, кандидатката д-р Билјана Божиновска да се избере во звање *асистент (специјалист)* за научната област *радиологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Василчо Спиров, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Ѓорѓи Зафировски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Глигор Џолев, редовен професор, с.р.**

# П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Билјана Божиновска од научната област радиологија според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Ред. број | Наставно-образовна дејност, Научноистражувачка дејност | Бодови | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови во научен собир:**<br>1. Атанасов S., Вељановска Л., Божиновска Б., Милев И., Идризи Ш., Клинчева М., Митрев Ж., Конгенитални аномалии на срцето и крвните садови: дијагностички и терапевтски предизвици, Десна коронарна остијална агенеза: Извештај, 5-тиот конгрес на ажурирање во кардиологијата и кардиоваскуларната хирургија – 24-29 септември, 2009, PP-108<br>2. Божиновска Б., Вељановска Л.,.Атанасов S, Митрев Ж. Евалуација на мекоткивните тумори со 64-слојна компјутеризирана томографија – Извештај, 3. Конгресна интернационалната македонска асоцијација на ортопеди и трауматологија – Охрид, мај 2009,<br>3. Божиновска Б., Атанасов S, Вељановска Л, Христо – Важноста на предоперативен 64-слоен КТ преглед на каротиди кај пациенти со повеќе садовна коронарна болест планирани за оперативен третман Европскиот радиолошки конгрес ЕЦР 2009 – Виена | **3** | **2** | **6** |
| **2** | **Студиски престој во странство**<br>1. 2000 година Lyon Sud - Лион-Франција<br>2. 2007 година во САД- - San Diego-USA<br>3. 2007 во Бреша-Италија | **8** | **3** | **24** |
| | **Вкупно:** | | | **30** |

| Ред. број | Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност | Бодови | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | **Стручни награди и признанија** | **1** | **3** | **3** |
| | **Вкупно:** | | | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно:** | **33** |